До : Директорот на Агенција за млади и спорт
Дарко Каевски

Бр. 12- 2760/1
31-01-2019 2019 год.
*Агенција за млади и спорт*
Ул.Македонија.38
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3128-270
Факс: +389 (0) 23117-693
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

**Предмет : Извештај за имплементирани проекти и активности на Сектор млади за 2018 година**

Во согласност со Програмата за работа на Сектор млади за 2018 година, во текот на истата имплементирани се следниве проекти и активности од страна на Сектор млади, Агенција за млади и спорт:

➢ Во периодот 06-08 септември 2018 г, од страна на Агенцијата за млади и спорт и Советот на Европа, имајќи ја во предвид потребата на младинските организации, беше организирана **обука на тема „Европската младинска фондација, можности и методи на работа"**. Учесници на обуката беа претставници од 20 младински организации од национално, регионално и локално ниво.
Обуката придонесе кон јакнење на капацитетите на младинските организации како и обезбедување на информации и можности за нивно финансирање.

Цели на обуката:
- Да ги споделат вредностите, можностите и услугите кои ги нуди Совет на Европа преку EYF
- Да се подобри тренспарентноста и соработката помеѓу EYF и младинските организации
- Споделување на добри практики од веќе реализирани проекти за постигнување на специфични цели, пр. родова еднаквост, и постигнување долгорочен импакт од истите

Европската младинска фондација (EYF) е инструмент на Одделот за млади на Советот на Европа за поддршка на работата на младинските невладини организации во Европа. Обезбедува образовна и финансиска поддршка за активностите што ги спроведуваат локални, национални и меѓународни организации во земјите членки на Советот на Европа.

➢ **Финансиска поддршка на Невладини младински организации**
На 08.11.2018 година донесен е Правилник на Агенцијата за млади и спорт за определување постапка и уредување на критериуми за доделување на средства за поддршка на проекти од областа на младите. Истиот е донесен во транспарентен и инклузивен процес со младинските организации. На Огласот објавен од страна на Агенцијата за млади и спорт за поддршка на проекти од областа на младите беа поднесени 60 апликации од страна на младински организации. Од вкупно 60 апликации , 22 ги исполнуваа и општите и специфичните критериуми , утврдени во Правилникот на Агенцијата за млади и спорт за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за подршка на проекти од областа на младите.
Согласно расположливите средства од 2 000 000 денари , обезбедени за оваа намена , Агенцијата одлучи да ги поддржи следните младински невладини организации : Екоинтеграција, Го грин,

Еднакви за сите, Здружение за дислекција Ајнштајн, Цет Платформа, ЛЕАД, Црвен Крст на РМ и МКЦ Битола.

При распределбата на средствата, Агенцијата ги имаше во предвид стратешките приоритети од Националната стратегија за млади (2016-2025), како и актуелните општествени проблеми.

- **Ревизија на националната стратегија за млади**

Во процесот на Ревизија на НСМ (2016-2025), како и при Изготвување на Акциски план направени се консултативни средби со претставници на невладините организации кои работат за млади и со млади во текот на 2018 година. Процесот продолжува и во првиот квартал на 2019 година, со одржување на средби со претставници на институциите. По завршување на консултативниот дел и по изготвување на нацрт текст на Акцискиот план за реализација на НСМ, како и предлог ревидирана стратегија, ќе се пристапи кон консултативен процес со младинските организации.

- **Закон за млади**

Агенцијата за млади и спорт на почетокот на 2018 година, организираше неколку консултативни средби со младински организацции, на кои јасно беше изразена потребата од креирање на Закон за млади во Р. Македонија.

Во Март 2018година се формираше работна група, која работи на креирање на предлог текст на Закон за млади, преку консултации со младите и младинските организации. Работната група ја сочинуваат неколку подгрупи и тоа: Владина работна под група предводена од Агенција за млади и спорт во која учествуваат претставници од релевантни институции; Работна под група од пратеници од Клубот за младински прашања и политики при Собранието на Р.М.; Младинска работна под група која ја сочинуваат претставници на младински организации и политички подмладоци.

Целта на работната група е преку плодна дискусија да се дојде до квалитетни предлози кои подоцна ќе бидат преточени во пречистен текст како предлог закон. Работната група треба да даде свој придонес при креирањето на Закон за млади во Република Македонија кој ќе одговара на потребите и правата на младите луѓе. Дополнително треба да се утврди што точно ќе регулира и уредува законот.

Во периодот од Март до Декември 2018 година се одржуваа тековни состаноци, на кои се утврдија областите на Законот и содржината на секоја од нив. Во истиот период се одржаа и неколку консултации со млади.

Јуни 2018 година во соработка со Совет на Европа, се одржа работилница на тема „ Потребата од Закон за млади во РМ". На работилницата учество земаа експерти од Совет на Европа ( Хавард Вилијамсон, Рок Примозиќ, Марко Боко, Јоана Хантинг и Матеј Матевски), како и претставници од Младински организации и претставници од работната група. Финансиските импликации беа покриени од страна на Совет на Европа преку механизмите за поддршка на програмските држави.

Партнер на Агенција за млади и спорт во целиот овој процес е Мисијата на ОБСЕ во Скопје, кои континуирано ја поддржуваат работата на Агенција за млади и спорт и работната група за Закон за млади. Работната група благодарение на работилницата организирана од страна на ОБСЕ, имаше можност да разговара со претставници од Министерство за млади и спорт од Србија, за искуството во креирање на Закон за млади во Република Србија, како и неговата имплементација потоа, добрите практики како и недостатоците со кои се соочуваат.

Со формирање на работна група од сите заегнати страни, се озовможи истите да бидат вклучени од самиот почеток, односно креирањето на предлог драфт текстот се случува во соработка помеѓу институциите и младите во еден отворен процес кој е одличен пример за тоа како треба да се соработува и по други слични прашања во иднина, кои се од интерес на младите.
Како носител на Владината работна под група, АМС во соработка со останатите институции кои се надлежни за младински политики, активно учествува во целиот процес, со цел преку средбите со младинските организации се утврдат барањата и потребите на младите од една страна и институциите од друга страна.
До крајот на 2018 година од страна на работната група дефинирани се областите на Законот, и тоа: Поими и дефиниции, Национално младинско учество, Локално младинско учество, Политики за млади и Сервиси за млади. Во секоја од овие области се наведени предлози и дефиниции, кои се усогласуваат од страна на претставниците на работната група за да се добие конечен документ кој ќе биде презентиран на отворени консултативни средби со млади низ целата држава.
Институции кои ќе бидат дел од консултативниот процес се: МТСП, АВРМ, МОН, Министерство за култура, Министерство за правда, Министерство за финансии, Единиците на локална самоуправаи сите останати кои ја опфаќаат категоријата млади во своето работење.
Агенција за млади и спорт во процесот на креирање на Закон за млади ќе го задржи својот континуитет на транспарентност и инклузивност, преку консултирање со сите засегнати страни. Законската регулатива на младинските прашања во Република Македонија е одогромно значење за подобрување на состојбата со младите.

- **Саем на кариера**

Агенцијата за млади и спорт за прв пат во 2018 година го организираше настанот „Саем на кариера ", кој се одржа на 15-ти мај, на локацијата Кампус на општествени науки при Универзитет Св. „Кирил и Методиј". На настанот учество земаа голем број на домашни и странски компании. Саемот овозможи дирекна комуникација помеѓу компаниите и студентите со што се оствари можност за селкетирање на голем број млади за идни обуки, пракси и вработувања.
Проект беше наменет за сите млади од 15 – 29 години, вклучувајќи ги средношколците, студентите и сите оние млади на возраст до 29 години кои активно бараат работа. Дел од активностите беа поделени во категории, но се однесуваа за целата група од 15-29 години.
Дел од компаниите кои земаа учество на „Саемот на кариера 2018" се : Пелистерка А.Д. , НЛБ Тутунска Банка, Стопанска Банка АД Скопје, Алкалоид А.Д, ЕВН, Мако Маркет, Т.А. Атлантис, Рапсоди Травел, Триглав Осигурување АД, Халк Банка, Макпетрол А.Д. , Бетон А.Д., Нелт, Сојуз на спортови-Скопски Маратон, Кам Маркет, Таск Форс, Козмик Девелопмент Т.А. Коузон, ВФП, Вјатор и Вектор, Премиум и други.
На саемот младите имаа можност да се запознаат со успешни приказни од македонскиот бизнис сектор, за подоцна да бидат регрутирани од страна на компаниите за пракса или вработување. Компаниите пак, кои беа дел од саемот, имаа прилика да се запознаат со можните идни вработени кои би придонеле за подобар тек во извршувањето на дејностите во своите компании како и квалитетот на истите.
Во склоп на „Саемот на кариера 2018", се одржа и панел дискусија на тема „Како до успешна кариера во македонски иновативни компании". Листата на панелисти кои беа дел од настанот и ја споделија својата успешна приказна се: Коста Петров, основач на P World, Хајан Селмани, основач на Хаселт Ит компанија, Марија Матовска, национална координаторка на наградата за

социјално претприемништво Social ImpactAward, Даниел Димов, основач на [illegible] и Иван Кунгуловски, основач на Био инжинеринг.
Преку организирање на Саемот на кариера, Агенцијата за млади и спорт овозможува реализирање на стратешката преиоритетна цел од НСМ (2016-2025), Поддршка пред вработување.

- **База на обучувачи**

Агенцијата за млади и спорт во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на втората половина од 2018 година одржа 4 состаноци со експерти од различни сектори, приватни и јавни, со цел да се надминат прашањата, проблемите и причините за креирање на базата на обучувачи, како и да се потенцираат потребите за оформување на една ваква база во нашата држава. На крајот од 2018 година, работната група составена од АМС, претставници на младински организации, стручни лица од областа на младинската политика и младинското работење и организирање, изработи финален текст кој се одразува на потребите на земјата во однос на база на обучувачи. По прифаќање на финалниот текст од страна на Агенцијата за млади и спорт , истата ќе пристапи кон нејзино официјално воспоставување.

- **Млади талентирани лица во Република Македонија**

Проектот " Млади талентирани лица" се реализира од страна на Агенцијта за млади и спорт од 2018 година. На 03.08.2018 година е изготвен Правилник за Определување постапка и утврдување критериуми за доделување награди на млади талентирани лица во Република Македонија, врз чија основа е објавен јавен повик за доделување награди за млади телаентирани лица. На јавниот повик поднеле документација 33 лица за остварување на правото за добивање награда во висина од две просечни плати исплатени во последните два месеци пред остварување на правото, од кој 13 се одбиени поради неисполнување на критериумите од Правилникот, а 20 млади талентирани лица кои ги исполниле критериумите се наградени со парична награда. Вкупната сума исплатена по овој основ изнесува 965,640,00 денари.

- **Млади уметници**

Петта година по ред успешно се реализираше Конкурсот за избор на најдобри уметници во 5 категории: **сликарство, графика, графички дизајн, скулптура и фотографија,** во чии рамки беа доделени по 40.000 денари на петте најдобри уметници во категорија на возраст од 21 до 29 години и по 30.000 денари на петте најдобри уметници во категорија на возраст од 15 до 20 години. Како завршен дел од проектот беше реализирана и изложба од 14 до 21 декември 2018 година, во Националната галерија на Македонија, објект Мала Станица, каде беа изложени сите 81 пристигнати дела во сите категории и беа доделени паричните награди на најдобрите уметници од сите категории.
Наградените дела беа изложени и на настанот организиран од страна Symphony Solutions во Хотел Мериот, кој се одржа на 12 јануари 2019 година по повод 10 години од нивното постоење.

- **Млади поети**

Петта година по ред се реализира и Конкурс за најдобар млад поет, во чии рамки беа доделени три парични награди (20.000 денари – прва награда, 15.000 денари –втора награда, 10.000 денари – трета награда во две категории , и тоа во категорија од 15 до 20 години и во категорија од 21 до 29 години). Како завршен дел од проектот се објави Збирка која е составена од поетски творби од учесници , автори на конкурсот. Збирката е со наслов „ Под едно небо".

- **Стоп за пороци кај младата популација**

Проектот " Стоп за пороците кај младата популација се реализира од страна на Агенцијата за млади и спорт од 2012 година. Во досегашниот период беа опфатени општините: Чаир, Шуто Оризари, Бутел, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Ѓорче Петров, Илинден, Петровец, Гази Баба, Охрид, Кавадарци и Прилеп.

Проектот се спороведуваше во основните училишта каде беа опфатени учениците од VII – IX одделение.

Во рамките на овој проект кој се одвиваше во периодот април- јуни 2018 година во соработка со Црвен крст на Р. Македонија, проектот се имплементираше и во Општините: Штип, Неготино, Битола, Гостивар, Кисела Вода и Куманово. За реализација на проектот ангажирани се вкупно 11 волонтери.

Од Општина **Штип** опфатени се **545 ученици** од VII-IX одделение во училиштата: *ОУ„Ванчо Прке", ОУ„Гоце Делчев" и ОУ„Димитар Влахов".*

Од Општина **Неготино** опфатени се **272 ученици** од VII-IX одделение во училиштата: *ОУ„Страшо Пинџур" и ОУ„ Гоце Делчев".*

Од Општина **Битола** опфатени се **301 ученици** од VII-IX одделение во училиштата: *ОУ „Александар Турунџиев", ОУ„ЃорѓиСугарев", ОУ„Крсте Петков Мисирков" и ОУ„Елпида Караманди".*

Во Општина **Гостивар** опфатени се **1297 ученици од** VII-IX одделение во училиштата *од ОУ„Исмаил Ќемали", ОУ„Единство", ОУ„Гоце Делчев", ОУ„Мустафа Кемал Ататурк", ООУ„Форино", ОУ„Фаик Коница" и ООУ„Прпарими".*

Во Општина **Кисела Вода** опфатени се учениците од VII-IX одделение во училиштата *ООУ„Кузман Јосифовски Питу"-Кисела Вода, ООУ"Кузман Шапкарев", ООУ "Рајко Жинзифов", ООУ"Партенија Зографски", ООУ"Невена Георгиева Дуња", ООУ"Кирил Пејчиновиќ", ООУ„Св.Климент Охридски" и ООУ"Круме Кепески".*

Во Општина **Куманово** опфатени се учениците од VII-IX одделение во училиштата *ООУ"Крсте Мисирков" , ООУ"Кочо Рацин", ООУ "Бајрам Шабани", ООУ"Браќа Миладиновци", ООУ"Магдалена Антова", ООУ"Наим Фрашери", ООУ"Вук Караџиќ, ООУ "Тоди Зордумис", ООУ"Христијан Карпош", ООУ "Битолски Конгрес", ООУ "Страшо Пинџур", ООУ"Вера Циторка", ООУ"Јероним Де Рада", ООУ "Кирил и Методиј ", ООУ "Браќа Рибар" и ООУ "11 Октомври".*

Во рамки на проектот беа одржани вкупниот 200 едукативни работилници.

- **Преку спортот до мултетничка кохезија**

Проектот **"Преку спортот до мултиетничка кохезија"** се реализира од страна на Агенцијата за млади и спорт во соработка со Министерство за внатрешни работи, Црвен крст на Р.Македонија и Фудбалската Федерација на Македонија.

Проектот се реализираше во четири Општини и тоа: Скопје, Гостивар, Тетово и Куманово, преку организирање на натпревари во мал фудбал, од каде секое училиште формираше екипа составена од 12 играчи (мешан етнички состав).

Натпреварите во првата фаза се организираа на општинско ниво, додека полуфинале и финале се одржаа во Скопје.

Во Куманово учествуваа Средните Училишта 'Наце Буѓони" и "Ќиро Бурназ", во Скопје учествува Средните училишта "Мијало Пупин',"Кочо Рацин", "Цветан Димов" и "Шаип Јусуф", во Тетово

учествуваа учениците од Средното училиште "Моша Пијаде" и од Општина Гостивар Средното училиште "Гостивар".

Финалните натпревари се одржаа во училишната сала на Основното Училиште "7- март" - Чаир каде одигра побеничките екипи од Средните училишта "Моша Пијаде" – Тетово, Средно економско училише "Гостивар" –Гостивар, "Наце Буѓони" –Куманово и "Цветан Димов"- Чаир.

Целта на Порекотот е да се зголеми толеранцијата, свеста кај младите за заеднички живот, а воедно да покажеме дека на овие простори сме живееле и ќе живееме во мир и толеранција. Да дадеме позитивен пример како треба да се однесуваат и возрасните, да ја сопреме говорната омраза предизвикана од било која причина, а најмногу од меѓуетничка и верска нетолеранција. Не е битен победникот, битна е пораката која ја праќаме.

- **Обележан Денот на младите - 12 август**

Со дебата, музика и дружба се одбележа Меѓународниот ден на младите. Настанаот се одржа во Градски парк, локација Школка. Учесници на дебатата беа :

Дарко Каевски – Директор на Агенција за млади и спорт, Нарин Сахакјан, заменик претставник, Програма за развој на Обединетите нации, Нина Ангеловска – Ко-основач и извршен директор на "Групер", Сефер Селеми - Основач на здружението за унапредување на демократијата „Демокраси Лаб".

Тема на годинашнава дебата беше „ Младите за ЕУ, ЕУ за Младите – Перспективи и можности" .

Во забавниот дел учество земаа и детскиот хор „Златно славејче" .

- **Обележан Меѓународниот ден за лица со посебни потреби - 3 декември**

Агенцијата за млади и спорт обележувајќи го меѓународниот ден за лица со посебни потреби под мотото „Секој ден е трети декември", имаше за цел да ја подигне свеста на младите луѓе за интегрирање на во заедницата и во сите сфери на живеење на овие лице. Настанот се организираше во спортската сала во ООУ "Невена Горгиева Дуња", на 4 декември 2018 година. На настанот учествува сите државни училишта за лица со попреченост (основни и средни) со свои излагања (музички или културни), како и деца со нормален развој кој беа поканети да бидат гости на овој настан. Покрај самите деца на настанот беа поканети и специјални гости претставници од меѓународни организации, граѓански сектор, приватен сектор, кои обезбедија дополнителни информации за можностите (образовни и професионални) за поединици со попреченост, кои постојат во земјата и им се достапни на истите.

- **Европска недела на спортот**

Агенцијата за млади и спорт со поддршка од Европската комисија го реализираше проектот "Европска недела на спорт", кој траеше од март до декември 2018 година. Целта на проект е да потенцира и поддржува развој на спортот како алатка за интеграција на општеството, развој на рекреативниот спорт, подобрување на можностите за млади жени во спортот, итн. Проектот е успешно спроведен во 15 општини заедно со 35 национални спортски федерации и овозможи 84 настани во Р. Македонија за сите граѓани. Истиот е предвиден да се продолжи и во 2019 година.

- **Обука за претприемништво и развивање на деловни вештини**

Во организација на Агенција за млади и спорт, "Де Мано ХР Консалтинг" спроведе шест дневна обука на тема „Претприемништво и деловни вештини". Општа цел на програмата беше развивање на претприемачкиот дух и поттикнување и подготовка на младите лица за започнување на сопствен бизнис, додека специфичните цели на програмата опфаќав:

- Зголемување на можностите за вработување на младите преку зајакнување на нивните претприемачки компетенции – знаења, вештини и ставови.
- Поттикнување на претприемачкиот дух и градење на самодоверба за основање на сопствен бизнис.
- Развивање на способности за дефинирање на профитабилен бизнис идеја и подготовка на бизнис план.
- Развивање на потребни деловни вештини за успешно водење и одржливост на бизнисот.
- Запознавање на изворите на финансирање и законски мерки и регулативи од аспект на основање и водење на сопствен бизнис.

Обуките се одржаа во период од 25 октомври до 16 ноември 2018 година, со присуство на 38 учесници, млади луѓе на возраст до 29 години.

На самата обука се одржаа и презентации од страна на претставници на релевантни јавни и финансиски институции, при што учесниците се запознаа со активните мерки за самовработување, можните извори на финансиска поддршка, како и стекнаа сознанија за добри практики со цел успешно реализирање на своите бизнис идеи.

- **Млади претприемачи**

Агенцијата за млади и спорт преку реализација на овој проект, како дел од Годишната програма за 2018 година на Сектор млади, има за цел Развивање на претприемачки дух и поттикнување на млади лица за започнување на сопствен бизнис, Поттикнување на претприемачкиот дух и градење на самодоверба за основање на сопствен бизнис, Развивање на способности за дефинирање на профитабилна бизнис идеја, како и потикнување на младите за нивно самовработување.

За реализација на проектот беше обавен повик за аплицирање со бизнис план од млади лица до 29 години. На повикот пристигнаа 11 апликации.

Стручната комисија во состав: Александар Милошевски, М-р Борис Тримчев, Милаим Амети, по деталното разгледување на апликациите со бизнис планови го одлучи следното: Наградата, односно финансиската поддршка за реализација на бизнис план Агенцијата за млади и спорт да ја подели на двајца апликанти, и тоа на Симона Николова од Штип, за реализациј а на бизнис планот за производство на еко гумички за бришење од рециклиран преработен материјал „ Eco Flexilis deleo", во висина од 220.000,00 денари и на Сокол Папранику од Дебар, за реализација на бизнис план Дизајн на Интериер и фотографија, во висина од 220.000,00 денари.

- **Кампања за безбедност во сообраќајот**

Изработена кампања која има едукативен и информативен карактер и испраќа сугестивни пораки до младите лица непосредни учесници во сообраќајот, за последиците и опасностите од непочитувањето на сообраќајните прописи и возење под дејство на алкохол. Главната цел на кампањата е да ја подигне свеста кај младите дека непочитувањето на сообраќајните прописи од страна на возачот го загрозува нивниот живот и ги доведува во опасност животите на другите учесници во сообраќајот. Кампањата е под слоганот „Почитувај ги сообраќајните прописи. Почитувај го животот. – Не пиј додека возиш" и „Не се сите светла празнични светла. – Не пиј додека возиш".

Изработени се 3 Видео пораки (реклами), печатени материјали (постери, флаери, рол банери), објави за социјални медиуми и организиран настан за промоција во Клуб на пратеници. Во склоп на кампањата ќе се организираат и настани во пет Скопски општини.

Кампањата е во соработка и со поддршка од Министерство за внатрешни работи.

➢ **Кампања против говорот на омраза**

Изработена кампања која има едукативен и информативен карактер и им се обраќа на младите луѓе со сугестивни пораки кои што треба да ја подигнат свеста. Главната цел на кампањата е да се поттикнат младите да не посегнуваат и да не користат било каков тип на насилство, туку напротив да му се спротиставаат и да го спречат, бидејќи насилното делување раѓа ново насилство. Кампањата е под слоганот „Насилството раѓа насилство. Сопри го не го разгорувај"
Изработени се 3 Видео пораки (реклами), печатени материјали (постери, флаери, рол банери), објави за социјални медиуми и организиран настан за промоција во Клуб на претеници. Во склоп на кампањата ќе се организираат и настани во пет Скопски општини.
Кампањата е во соработка и со поддршка од Министерство за внатрешни работи и Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам.

➢ **РИКО (Регионална кнцеларија за младинска соработка на Западен Балкан)**

На почетокот на календарската 2018 година се отвори локалната канцеларија на РИКО, за кое функционирање, согласно меѓународниот договор, надлежна е Агенцијата за млади и спорт. Годишниот буџет кој го издвојува државата за РИКО е во висина од 9.821.000,00 денари, од кои 8.556.000 денари како државно учество на Република Македонија во буџетот на РИКО, а останатите средства за непречено функционирање на локалната канцеларија. Во текот на 2018 година, работата на Локалната канцеларија на РИКО беше фокусирана на подготовка и организирање на обуки за градење капацитети и промовирање, лобирање и застапување. Во врска со ова, релевантно е да се спомена 2 големи јавни дебати (во Скопје и Струга) организирани во соработка со канцеларијата на премиерот; јавната расправа што ја организираше ФЕС и двете министерства за надворешни работи на Македонија и Германија; како и присуство на различни семинари, конференции, работилници и приеми организирани од различни истражувачи на РИКО во Македонија. Овие настани беа извонредна можност да се направат активностите на РИКО поочигледни и во исто време да се воспостави комуникација со новите засегнати страни. Агенцијата за млади и спорт во соработка со Локалната канцеларија на РИКО ги споделува повиците за финансиска поддршка на невладини организации кои работат на проблематиката за млади (инклузивен пристап на младински размени и иновативни регионални проекти). На повикот во 2018 година финансиски поддржани организаци се вкупно 4, од кои три се Невладини организации (Младински образовен форум – 21.150 евра, Креатор Куманово – 23.551 евра и Центар за интеркултурен дијалог – 34.420 евра), а едно е училиште ( средно училиште во Радовиш – Коста Сусинов – 22.048 евра). Финансиски средства со кои е спроведена активноста се 6,171,309 денари.

➢ По иницијатива на АМС, на првата тематска седница за млади на Владата на Република Македонија, МЖСПП беше назначено како носител за **зелени работни места**. Во текот на годината имаше повеќе средби во кој АМС зазема активно учество во групата каде што се работеше за дефинирање на зелени работни места, дефинирање на документ каде би се нашле зелените работни места, мапирање на зелени работни места согласно Националната квалификација на занимања на РМ, мапирање на зелени работни места според листата за потреба од вештини на пазарот на трудот за 2018/2019 изработена од АВРМ и мапирање на работни места на истата листа за кои се потребни дообуки за да бидат зелени работни места. Кон крајот на годината се седница на Националниот Одбор за Македонска рамка на квалификации.

➢ Одборот донесе заклучок квалификациите кои се донесуваат на овие работни места да се обележуваат посебно со цел да се придонесе во насока на транспарентност на процесот и да се означи посебен сектор за зелени работни места.

➢ АМС активно е вклучена во работната група за **Меѓуресорска државна комисија за борба против недозволено производство, трговија и злоупотреба на дроги**. Редовна учествува во работната група и превзема мерки преку проектот **„ Стоп за пороци кај младата популација"**

**Меѓународна соработка**

➢ Учество на состанок на Европскиот надзорен комитет за млади (25.03.2018 - 28.03.2018 - Будимпешта – Унгарија). При учеството на состанокот на Европскиот одбор при Европскиот надзорен комитет на Европската младинска фондација се одржа избор на претседател и заменик претседател на ко-манеџмент телото на ЕМФ, со две годишен мандат. За претседател беше избран претставник од Р. Македонија од Граѓанскиот сектор, а како потпретседател е претставникот од Р. Македонија, од Агенција за млади и спорт.

➢ Учесто на 39-тиот програмски комитет за млади при Совет на Европа (05.06.2018 - 09.06.2018 - Стразбург – Франција), како и присуство на работата на комисијата за програми при советот на Европа. Комисијата за програми ги одредува сите акциски планови на сите под-комитети како и програмата за млади при советот на Европа. Ова тело работи како советодавно тело кое функцунира како ко-манаџмент тело при советот на Европа.

➢ Учество на работни сесии организирани од Европската комисија за Европската недела на спортот 2019 ( Белгија - Брисел 26.11.2018 - 29.11.2018) и присуство на доделување на наградите за BeActive 2018. На вториот дел од настанот Р. Македонија го претстави проектот Европска недела на спортот 2018, како дел од најуспешните реализирани проекти во 2018 а кофинансирани од Европската комисија.

➢ Учество на Младинскиот форум на Економскиот и социјален совет (ECOSOC), кој се одржа во ОН во Њујорк. Целта беше обезбедување на платформа и вклучување на младите во дијалог со земјите членки во изнаоѓање на иницијативи за промовирање на иновативни и институционални пристапи за унапредување на агендата за развивање на младите на национално и глобално ниво. Овој настан содржеше пленарни сесии, интерактивни тематски дискусии, расправи за перспективи на регионот, како и можност за богата размена на ставови и идеи за иновативни решенија за прашања од значење за младите.
Делегацијата на АМС го искористи своето излагање во насока на споделување на моменталната состојба на младите во Македонија и нивната вклученост во спроведување на политиките за донесување на одлуки. Овој форум овозможи размена на идеи, споделување на моментални проблеми и стратегии со други држави.

➢ Јуни 2018 година во соработка со Совет на Европа, се одржа работилница на тема „ Потребата од Закон за млади во РМ". На работилницата учество земаа експерти од Совет на

Република Македонија
Влада на Република Македонија
**Агенција за млади и спорт**

Европа ( Хавард Вилијамсон, Рок Примозиќ, Марко Боко, Јоана Хантинг и Матеј Матевски, како и претставници од Младински организации и претставници од работната група. Финансиските импликации беа покриени од страна на Совет на Европа преку меката за поддршка на програмските држави.

*Сектор млади*
*Помошник Раководител на сектор*
*Гордана Цекова*

31.01.2019 г.

*Доставено до:*
*- директор*
*- Сектор млади*
*- архива на АМС*
*- одделение за односи со јавност*